ОПШТИНА ШТИП

MQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УП1бр. 18/24-133*
*5.11.2024*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29, член 38 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ бр. 32/20 и 111/23), градоначалникот на Општина Штип донесе:

ОДЛУКА
ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА
ПО ИЗГОТВЕН

Детален Урбанистички План за дел од Урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А, Б и В од ГУП на Град Штип, Општина Штип/ плански опфат: од север по осовината на реката Отиња, од исток по осовината на улица Браќа Миладинови, на југ опфатот по осовината на улица Страшо Пинџур се до осовината на улица Љубен Иванов на западната страна/

Член 1

Со оваа одлука се организира јавна анкета и јавна презентација на изготвен Детален Урбанистички План за дел од Урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А, Б и В од ГУП на Град Штип, Општина Штип/ плански опфат: од север по осовината на реката Отиња, од исток по осовината на улица Браќа Миладинови, на југ опфатот по осовината на улица Страшо Пинџур се до осовината на улица Љубен Иванов на западната страна/

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:
- од север опфатот е дефиниран по осовина на реката Отиња;
- од исток опфатот е дефиниран по осовина на улица „Браќа Миладинови";
- од југ опфатот е дефиниран по осовина на улица „Страшо Пинџур";
- од запад опфатот е дефиниран по осовина на улица „Љубен Иванов".

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации.

Според опишаните граници за Детален Урбанистички План за дел од Урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А, Б и В од ГУП на Град Штип, Општина Штип/ плански опфат: од север по осовината на реката Отиња, од исток по осовината на улица Браќа Миладинови, на југ



Scanned with CamScanner

опфатот по осовината на улица Страшо Пинџур се до осовината на улица Љубен Иванов на западната страна/ вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно 25.561,78 m2.

Член 2

Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип

Член 3

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавната анкета и јавната презентација по Детален Урбанистички План за дел од Урбана четврт ЈИ 01.05 со намена А, Б и В од ГУП на Град Штип, Општина Штип/ плански опфат: од север по осовината на реката Отиња, од исток по осовината на улица Браќа Миладинови, на југ опфатот по осовината на улица Страшо Пинџур се до осовината на улица Љубен Иванов на западната страна/ ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку Соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

Јавната анкета ќе трае 30 дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 21 ноември 2024 (четврток) до 20 декември 2024 год (петок), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 10 декември (вторник) 2024 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

Член 4

Целокупната документацијата на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место, во информацискиот систем на е урбанизам и во просториите на Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина на Општина Штип

Член 5

Заинтерисаните граѓани и правни лица можат да да ги достават своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку



Scanned with CamScanner

информацискиот систем на е урбанизам или во писмена форма преку архива во времетрањето на јавната анкета.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
Градоначалник
Иван Јорданов

*ОпштинаШтипул. „Васил Главинов“ бр. 4Б, 2000 Штип, Република Северна Македонија*
*Тел: (032) 22 66 00 Факс: (032) 22 66 01*
*Вебстрана: www.stip.gov.mk е-пошта: gradonacalnik@stip.gov.mk*

Scanned with CamScanner